# ЈАС МОЖАМ • ME SHAJ • I CAN !

Барање за прибирање на понуди

Здружение Национален ромски центар (НРЦ) од Куманово го објавува ова **„Барање за пријава на експерт”** повикувајќи ги сите квалификувани физички и правни лица, да поднесат понуда

**1.Општи услови**

1.1 Набавувач на услуги НРЦ од Куманово со седиште на ул. „Доне Божинов“ бр.11/5, Куманово

1.2 Предмет на барањето: Прибирање на пријави за експерт

1.3 Здружение Национален ромски центар од Куманово го спроведува проектот „Поддршка на жени Ромки да се идентификуваат нивните потреби, да ги побараат своите права и да се зголеми нивниот пристап до услуги за жени кои преживеале насилство", проект бр. 00105177 со поддршка на UN Women, за потребите на проектот НРЦ Куманово го објавува ова барање преку својата интернет страница http://www.nationalromacentrum.org

Целта на проектот е намалување на дискриминацијата и насилството врз жените и девојките Ромки во Македонија. Посебна цел на проектот е обезбедување на пристап и давање услуги за ромските жени и девојки соочени со дискриминација и/или насилството, родова еднаквост, остварување на ефективна комуникација помеѓу граѓанското општество и релевантните институции, како и застапување за навремени, достапни и квалитетни услуги.

Проектот се имплементира во Кичево, Куманово, Велес, Штип, Кочани, Прилеп.

1.4 Понудувач може да биде секое правно или физичко лице кое ги исполнува условите од ова Барање за доставување на понуди, во смисла на образование и претходно работно искуство.

1.5 Понудувачот со поднесување на понуда се обврзува дека важењето на понудата под пропишаните услови ќе биде до завршување на ангажманот предвиден со Договор кој по избор ќе се склучи со НРЦ.

**2. Пријава**

Понудувачот треба да достави:

- професионална биографија
- 3 референци за исполнување на обврските од повикот
- мотивационо писмо
- предлог методологија за извршување на наведените обврски



НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР
Доне Божинов 11/5, Куманово info@nationalromacentrum.org 031/427-558

- предлог цена за извршување на обврските од предмет договорот

3. Опис на позиција: експерт за спроведување на истражување, изработка на извештај и резиме за ефективни јавни политики (policy brief)
Број на позиции:1
Број на работни часови: највеќе 80 работни часови

**Потребно искуство:**

- Експертите треба да поседуваат диплома од високо образование, општествени науки
- Најмалку 3-годишно работно искуство со граѓански организации
- Најмалку 3 годишно работно искуство во областа на права и правна рамка за унапредување на родовата рамноправност, спречување и заштита од дискриминација врз основа на род и пол и превенција и заштита од родово базирано насилство и семејно насилство
- Искуство од работа и/или соработка со Ромки, здруженија кои работат на заштита на права на Ромки; познавање на системот за спречување и заштита од дискриминација; познавање на системот за заштита на жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство.

**3. Опис на обврски:**

- Истражување во 6 општини вклучени во проектот, подготовка на извештај за услуги за жртви на родово базирано насилство,механизмите за упатување на локално ниво, со фокус на достапноста на услугите за жени и девојки Ромки
- Истражувањето да биде спроведено и извештајот од најмалку 30 страници да биде финално подготвен на македонски јазик и доставен до НРЦ најдоцна до 5 април 2019 година
- Подготовка на резиме за ефективни јавни политики (policy brief)за поддршка на систем за заштита на Ромки жртви од семејно насилство, особено внимание за градовите каде се имплементира проектот и да се состои од најмалку 6 страници
- резиме за ефективни јавни политики (policy brief) да биде финално подготвено на македонски јазик и доставено до НРЦ најдоцна до 7 мај 2019 година
- Експертот за потребите на извршување на обврските по потреба доколку постои ќе патува во 6 града: Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп, Штип, Велес
- Анализа на правната рамка од женски права, заштита и спречување на дискриминација, заштита од родово базирано насилство, семејно насилство, спречување и заштита од дискриминација, насилство, како и достапност на услугите и сервиси за заштита



НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР
Доне Божинов 11/5, Куманово info@nationalromacentrum.org 031/427-558

JAC МОЖАМ • ME SHAJ • I CAN !

- Комуникација и соработка со проектниот тим и почитување на насоките дадени од страна на проектниот тим

**4. Критериуми за избор на најповолен понудувач:**

Критериуми за избор на најповолен понудувач се:

- личното искуство на понудувачот – 30 поени
- квалитетот на предложената методолија – 25 поени
- референци – 25 поени
- цена за понудената услуга – 20 поени

**Ве Молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (e-mail)на следните адреси** info@nationalromacentrum.org и **ksojic@nationalromacentrum.org најдоцна до 21.02.2019 година.** НРЦ овозможува еднакви можности при ангажирање за сите лица кои ги исполнуваат условите и кои доставиле навремено комплетна документација.

11.02.2019



НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР
Доне Божинов 11/5, Куманово info@nationalromacentrum.org 031/427-558